**Агенција за вработување**
**на Република Северна Македонија**
**-Централна служба-**
Ул. Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија;
тел. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

**Agjencia e punësimit**
**e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**- Shërbimi Qendror-**
St. Vasil Gjorgov 43, 1000 Shkup,
Republikës së Maqedonisë së Veriut;
tel. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

# Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во Република Северна Македонија за 2024 година

Резултати од спроведеното истражување

Февруари, 2024 година

Согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) спроведе Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во Република Северна Македонија.

Целта на анкетното истражување е да се обезбедат одредени краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Податоците добиени од работодавачите од приватниот сектор кои имаат 7 и повеќе вработени се насочени кон добивање на информации за:

- потребите од нови вработувања во наредните 6 до 12 месеци;
- потребите од занимања на планираните нови вработувања и
- потребите од вештини со кои треба да располагаат кандидатите за планираните нови вработува

Резултатите добиени од анкетното истражување претставуваат основа за креирање на активни програми и мерки за вработување, кои имаат за цел да ги подигнат вештините на невработените лица заради зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и да придонесат во создавање на услови за подобро функционирање на истиот, преку вкрстување на понудата и побарувачката од соодветно квалификувана работна сила. Резултатите од истражувањето се користат и во образовниот систем при конципирање на уписните политики и при креирање на нови образовни програми за занимања усогласени со потребите на пазарот на трудот.

Методологијата за анкетното истражување за потребата од вештини на пазарот на трудот е развиена во рамки на европски проект и ова истражување Агенцијата за вработување го спроведува еднаш годишно како дел од своите редовни активности.

Анкетата базира на примерок од работодавачи од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, стратифициран според регион и сектор на дејност на работодавачот. Во примерокот се вклучени сите средни и големи работодавачи, а останатите се бираат по случаен избор до исполнување на планираниот опфат. Анкетирањето се спроведе според методот на телефонска и електронска форма на анкетирање, врз основа на однапред подготвен прашалник.

Анкетното истражување се оценува како „успешно“ доколку со анкетата бидат опфатени повеќе од 70% од вкупниот број на работодавачи во примерокот.

Анкетирањето го спроведуваат вработените во Агенцијата за вработување, а во Центарот за вработување на Град Скопје и осум други поголеми центри за вработување се ангажираат и лица од евиденцијата на невработени, при што истите имаат можност да се стекнат со вештини за спроведување на анкети.

При стратифицирање на примерокот и анализа на резултатите од спроведеното истражување се применуваат следните класификации/номенклатури: Национална класификација на дејностите - НКД Рев 2 и Рев 1, Национална класификација на занимањата-НКЗ 2015, усогласена со Меѓународната класификација на занимања ISCO-08 и Номенклатура на територијални единици за статистика - НТЕС, 2013.

Анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот спроведена во месец октомври-ноември 2023 година базира на примерок од 3394 работодавачи од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, раслоен по дејности во рамки на осумте региони во Република Северна Македонија.

Опфатот на анкетното истражување во 2023 година е 83,9% или 2845 анкетирани работодавачи и од овој аспект истражувањето на национално ниво може да се оцени како успешно.

Според големината, од 2845 анкетираните работодавачи, 2097 или 73,7% се мали работодавачи (со број на вработени од 7-49), 640 или 22,5% се средни работодавачи (со број на вработени од 50-249) и 108 (3,8%) се големи работодавачи (со 250 и повеќе вработени). Нивното учество во вкупниот број вработени во анкетираните фирми респективно изнесува: 20,4%, 38,0% и 41,7%.

| Дејност | Дејнст / Сектор | Опфат на анкетното истражување на национално ниво | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на работодавачи од приватен сектор со 7 и повеќе вработени | Број на анкетирани работодавачи | Број на вработени кај работодавачи од приватен сектор со 7 и повеќе вработени | Број на вработени кај анкетираните работодавачи | % на работодавачи опфатени со анкета | % на вработени опфатени со анкета |
| | **ВКУПНО** | **8246** | **2845** | **287792** | **170179** | **34.5** | **59.1** |
| А | Земјоделство, лов и шумарство и рибарство | 143 | 50 | 4952 | 3210 | 35.0 | 64.8 |
| Б | Рударство и вадење на камен | 67 | 25 | 3983 | 2468 | 37.3 | 62.0 |
| В | Преработувачка индустрија | 1671 | 816 | 101078 | 76229 | 48.8 | 75.4 |
| Г | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 28 | 5 | 2042 | 190 | 17.9 | 9.3 |
| Д | Снабдување со вода, отстранување на отпадни води,управување со отпад и дејности за санација на околината | 32 | 7 | 789 | 400 | 21.9 | 50.7 |
| Ѓ | Градежништво | 833 | 256 | 18647 | 8913 | 30.7 | 47.8 |
| Е | Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 2020 | 650 | 56822 | 26520 | 32.2 | 46.7 |
| Ж | Транспорт и складирање | 743 | 200 | 15501 | 6861 | 26.9 | 44.3 |
| З | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 715 | 227 | 12275 | 5192 | 31.7 | 42.3 |
| Ѕ | Информации и комуникации | 446 | 121 | 17663 | 9883 | 27.1 | 56.0 |
| И | Финансиска дејност и дејности за осигурување | 94 | 33 | 9877 | 3204 | 35.1 | 32.4 |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот | 44 | 12 | 1251 | 512 | 27.3 | 40.9 |
| К | Стручни, научни и технички дејности | 578 | 143 | 9767 | 2890 | 24.7 | 29.6 |
| Л | Административни и помошни услужни дејности | 268 | 74 | 13999 | 9911 | 27.6 | 70.8 |
| М | Образование | 102 | 38 | 2663 | 1573 | 37.3 | 59.1 |
| Н | Дејности на здравствена и социјална заштита | 336 | 141 | 7151 | 4575 | 42.0 | 64.0 |
| Њ | Уметност, забава и рекреација | 68 | 27 | 8364 | 7165 | 39.7 | 85.7 |
| О | Други услужни дејности | 58 | 20 | 968 | 483 | 34.5 | 49.9 |

Резултатите од истражувањето покажуваат дека на национално ниво од вкупно 8246 работодавачи од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, со анкетата опфатени се 34,5% од работодавачите.

Анализирано според дејности, опфатот со анкетата е различен. Најголем опфат има во преработувачката индустрија и дејности на здравствена и социјална заштита, каде соодветно изнесува 48,8%, односно 42,0%, од вкупниот број на работодавачи регистрирани во овие дејности.

Најмал опфат се забележува во дејноста снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација каде опфатот со анкетата изнесува 17,9% од вкупниот број на работодавачи регистрирани во оваа дејност.

Кај анкетираните работодавачи вработени се 170179 лица или 59,1% од вкупниот број на вработени кај работодавачите од приватниот сектор со седум и повеќе вработени.

Во однос на бројот на вработени, најголем опфат има во дејноста уметност, забава и рекреација, 86,7% од вкупниот број на вработени кај работодавачите во оваа дејност, потоа во преработувачката дејност каде опфатот изнесува 75,4%, а релативно голем опфат во однос на бројот на вработени се забележува и во администартивни и помошни услужни дејности, каде опфатот изнесува 70,8%, од вкупниот број на вработени кај работодавачите во оваа дејност.

Набљудувано по региони, Во Вардарски регион анкетирани се 220 работодавачи или 7,7% од вкупниот број на анкетирани работодавачи, во Источниот регион 385 работодавачи или 13,5%, во Југозападен регион 196 работодавач или 6,9%, во Југоисточниот регион 284 работодавачи или 10,0%, во Пелагонискиот регион 279 работодавачи или 9,8%, во Полошки регион 305 работодавачи или 10,7%, во Североисточниот регион 246 работодавачи или 8,6% од вкупно анкетираните и во Скопскиот регион анкетирани се 930 работодавачи или 32,7% од вкупниот број на анкетирани работодавачи.

Од аспект на идентификувањето на идните потреби од нови вработувања и на потребите од вештини, значајно е да се имаат предвид досегашните и очекуваните промени во развојот кај работодавачите.

Во изминатиот период од шест месеци пред анкетирањето, 64,8% од работодавачите се изјасниле дека одржале константност во понудата, односно побараувачката на своите производи, 15,6% од анкетираните работодавчи имале намалена економска активност, а 19,5% од анкетираните работодавачи се изјасниле дека имале зголемена економска активност.

Влијанието на политичките и економските фактори од глобален карактер значително се рефлектираат на деловниот амбиент на стопанисување, правејќи го се покомплексно планирањето на следните бизнис потфати, а очекуваните ефекти од економската активност се понеизвесни.

Работодавачите со голема доза на несигурност ги проектираат своите планови за реализација во следната година, со голема доза на свесност дека цената на енергенсите директно и во голем дел влијае врз цената на производот и услугата.

Најголем број од анкетираните работодавчи (60,3%) предвидуваат дека во наредниот период од 6-12 месеци ќе ја задржат константната побарувачка на своите прозизводи и услуги. Подобрување на својата економска активност, односно зголемување на побарувачката на своите производи/услуги, очекуваат 32,7% од анкетираните работодавачи, а 7,0% од работодавачите предвидуваат намалување на економската активност.

Во моментот на анкетирање кај 2845 анкетирани работодавачи, вработени се 170179 лица, од кои 89548 (52,6%) од врабоените се мажи, а 80631 (47,4%) од вработените лица се жени.
Дејноста на здравствена и социјална заштита, образование, како и дејности во врска со недвижен имот, се дејности каде женската работна сила е значително повеќе застапена во вкупниот број на вработени во овие дејности и соодветно изнесува 68,1%, 60,8%, односно 60,4% .
Дејноста снабдување со вода, отстранување на отпадни води,управување со отпад и дејности за санација на околината, дејноста градежништво и дејноста рударство и вадење на камен, се издвојуваат како дејности во кои машката работна сила е значително повеќе застапена во вкупниот број на вработени во овие дејности и нејзиното учество соодветно изнесува 89,8%, 86,2, односно 84,6%.

Во однос на возрасната структура, од вкупниот број на вработени лица кај анкетираните работодавачи, 36429 (21,4%) вработени се на возраст до 29 години, 109914 (64,6%) вработени се на возраст од 30 до 54 години и 23836 (14,0%) вработени лица се на возраст со 55 и повеќе години.

Во последните 12 месеци пред анкетирањето, 1102 работодавачи, односно 38,7% од анкетираните работодавачи, реализирале 17527 вработувања од кои 57,8% од вработувањата се реализирале во преработувачката индустрија.

*Во наредниот период од 12 месеци (од спроведување на анкетата) речиси 50% од анкетираните работодавачи (1401), очекуваат дека ќе реализираат 12385 вработувања на лица од различни занимања и соодветен степен на потребно знаење.*

*Според големината на работодавачот*, кај малите работодавачи се очекуваат да се реализираат 3408 вработувања или 27,5%, кај средните по големина работодавачи се очекуваат 5069 вработувања или 40,9% и кај големите работодавачи се очекуваат да се реализираат 3908 вработувања или 31,6% од вкупниот број на очекувани вработувања во наредните 12 месеци.

*Според степенот на потребно знаење (образование)*[1], од вкупно 12385 очекувани вработувања, 3146 (25,4%) ќе бидат за лица со завршено основно образование, 6830 вработувања (55,1%) ќе бидат за лица со програми на средно образование, 1090 вработувања (8,8%) се очекуваат за лица со програми на средно и вишо образование, освен универзитетско и 1319 вработувања (10,6%) се очекуваат да бидат за лица со програми на додипломско и постдипломско универзитетско образование.

| Дејност/Сектор | Број на работодавачи кои искажале потреба од работници | Очекувани вработувања | Степен на потребно знаење (образование) според НКЗ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Основно | Средно | Средно и вишо | Високо |
| **Вкупно** | **1401** | **12385** | **3146** | **6830** | **1090** | **1319** |
| Земјоделство, лов и шумарство и рибарство | 29 | 362 | 231 | 84 | 38 | 9 |
| Рударство и вадење на камен | 12 | 151 | 11 | 104 | 24 | 12 |
| Преработувачка индустрија | 456 | 5815 | 2041 | 2974 | 512 | 288 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 2 | 5 | 4 | 0 | 1 | 0 |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни водди,управување со отпад и дејности за санација на околината | 3 | 23 | 14 | 2 | 1 | 6 |
| Градежништво | 129 | 838 | 199 | 534 | 45 | 60 |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 261 | 1847 | 228 | 1301 | 198 | 120 |
| Транспорт и складирање | 104 | 600 | 42 | 521 | 22 | 15 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 130 | 688 | 74 | 603 | 9 | 2 |
| Информации и комуникации | 49 | 555 | 0 | 127 | 41 | 387 |
| Финансиска дејност и дејности за осигурување | 17 | 143 | 0 | 6 | 38 | 99 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 2 | 72 | 70 | 0 | 2 | 0 |
| Стручни, научни и технички дејности | 60 | 254 | 17 | 84 | 17 | 136 |
| Административни и помошни услужни дејности | 39 | 386 | 103 | 215 | 22 | 46 |
| Образование | 17 | 74 | 0 | 25 | 5 | 44 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 69 | 273 | 43 | 47 | 110 | 73 |
| Уметност, забава и рекреација | 12 | 274 | 68 | 181 | 5 | 20 |
| Други услужни дејности | 10 | 25 | 1 | 22 | 0 | 2 |

*Анализирано според дејност*, најголем број вработувања се очекуваат во преработувачката индустрија, 5815 или 47,0%, потоа во трговијата на големо и трговијата на мало, каде се очекуваат

[1] Според Национална класификација на занимањата –НКЗ (ISCO 08)

1847 вработувања или 14,9% од планираните вработувања како и во дејноста градежништвото, каде се очекуваат 838 вработувања или 7% од планираните вработувања.

*Анализирано според дејност и соодветен степен на потребно знаење,* во преработувачката индустрија и трговијата на големо и трговијата на мало каде се очекуваат и најголем број вработувања, најголема ќе биде потребата за кадар со програми на средно образование, 51,1% односно 70,4% од планираните вработувања во овие дејности.

Најмногу потреба од вработувања на лица со стекнати знаења од програмите на додипломско и постдипломско универзитетско образование, ќе имаат работодавачите во дејноста информации и комуникации и финансиската дејност и дејности за осигурување, каде соодветно овие вработувања изнесуваат 69,7% односно 69,2% од планираните вработувања во овие дејности.

*Во однос на занимањето*[2], а имајќи го во предвид степенот на знаење, односно нивото на образование, кои се потребни за вршење на работите и задачите во занимањето, приоритет при новите вработувања во наредните 12 месеци ќе имаат лицата со следните занимања:

*Со завршено основно образование (завршено основно образование):* општ работник, работник за едноставни работи на производствена линија, рачен пакувач, работник за едноставни работи -нераспределен на друго место, земјоделски работник, пеглач на алишта, помошник во кујна, хигиеничар на производствени-работни простории, хигиеничар на станбен и деловен простор, работник на едноставни работи на постројки за преработка и обработка на вода, собарки, обиколувач-дистрибутер во малопродажба, работник во одржување, транспортен работник, работник на едноставни работи во производството на текстил, работник на едноставни дрвопреработувачки работи, работник на едноставни работи во хемиското производство и други.

*Со средно образование (програми на средно образование)*: шивач, продавач, келнер, магационер, заварувач, шивач на текстил, подготвувач на тутун за обработка, касиер, возач на камион, на товарно возило, на лесни доставни возила, на автобус, возач на такси, бравар, градежен работник, готвач, обезбедувач(заштита на имот и лица), контролор на игрите во казино, шанкер, оператор за производство на инсталации, оператор во кол-центар, електричар за одржување, диспечер во патен сообраќај, чевлар, угостителски работник, работник на бензиска пумпа, одржувач на уреди за точење на гориво, пекар, кројач, еко хигиеничар, составувач на акумулатори, армирач, администартивен службеник, електромонтер, слаткар, монтер на мебел, месар, столар, ѕидар мајстор, тапетар, ракувач со вилушкар, тесар, автолакер, автолимар-мајстор, автомеханичар, брусач на метал, фасадер и други.

*Со средно и вишо образование (програми на средно и вишо образование вклучувајќи и универзитетско):* администратор, техничар за електронски производи, медицицинска сестра, машински техничар, фармацевтски техничар, текстилен техничар, електротехничар, референт, референт за продажба, комерцијалист, оператор за машиско одржување, оператор на опрема за дијализа, систем оператор, градежен техничар, графички техничар, техничар-оператор, шеф на продажба, хемиски техничар-технолог за термичка обработка, електротехничар за опрема на производните машини, рударски техничар за подземна експлоатација, техничар електроничар, агент за продажба на хартии од вредност, контролор на квалитет и други.

*Со завршено високо образование* (програми на додипломско и постдипломско универзитетско образование*):* програмер, машински инженер, економист, сметководител, градежен инженер, фармацевт, маркетинг агент, нженер на софтвер, фармацевтски технолог, доктор по општа медицина, менаџер, електроинженер за регулација и автоматизација, архитект, аналитичар на софтвер, економист за здравствен менаџмент, бизнис аналитичар, администратор

---

[2] Според Национална класификација на занимањата –НКЗ (ISCO 08)

на база на податоци, административен аналитичар, тестирач на софтвер, информатички инженер, информатичар, графички дизајнер, специјалист за човечки ресурси, инженер за хемиски процес, погонски електроинженер, правник, професор по англиски јазик, професор по француски јазик, електроинженер за јака струја и други.

При вработување на работници за одредени занимања работодавачите ја нагласуваат потребата од кадар со работно искуство.

Во однос на потребата од дополнителни знаења и вештини кои треба да ги поседуваат кандидатите за вработување, особено при вработување на кадар со високо образование, работодавачите ја нагласиле потребата од познавање на странски јазици, одлично познавање на работа со компјутери и поседување на соодветен сертификат за стекнатите знаења. Исто така одредени работодавачи посебно ја нагласиле потребата од дополнителни знаења и стекнати сертификати за напредни ИТ вештини.

Меѓу другите вештини се нагласува и потребата од поседување на комуникациски вештини, вреден, исполнителен, одговорност, доверливост, тимска работа, вештина за внес и читање на податоци, флексибилност, вештини за продажба и маркетинг, вештини за менаџирање.

*Набљудувано по региони,* побарувачката на работна сила е различна. Во наредниот период од 12 месеци, кај работодавачите со седиште во Вардарскиот регион се очекуваат да се реализираат 2300 (18,6%) вработувања, во Источниот регион 1789 (14,4%) вработувања, во Југозападниот регион 949 (7,7%) вработувања, во Југоисточниот регион 1178 (9,5%) вработувања, во Пелагонискиот регион 1875 (15,1%), во Полошкиот регион се очекуваат да се реализираат 162 (1,3%) вработувања, во Североисточниот регион 797 (6,4%) и во Скопскиот регион се очекуваат да се реализираат 3335 (26,9%) вработувања.

Регионално набљудувано приоритет при новите вработувања ќе имаат лицата со следните занимања и соодветен степен на потребно знаење (образование):

*Вардарски регион:* машински инженер, градежен инженер, доктор по медицина, инженер за електроника, фармацевт, економист за анализа и планирање, референт, оператор на опрема за дијализа, медицинска сестра, техничар-оператор, техничар-електроничар,комерцијалист, контролор на квалитет, подготвувач на тутун за обработка, заварувач, продавач, шивач, оператор за производство на инсталации, шивач на текстил, бравар, електричар за одржување, возач (на товарно возило, на камион, на автобус), оператор на полуавтоматска машина, келнер, работник на бензиска пумпа, брусач на метал, обезбедувач (заштита на имот и лица), општ работник, работник за едноставни работи на производствена линија, работник за одржување, земјоделски работник, хигиеничар на производствени-работни простории и други.

*Источен регион:* машински инженер, менаџер, , инженер-технолог за преработка на дрво, електроинженер за јака струја, доктор по медицина, сметководител, рударски инженер за рудници на метали, инженер-технолог, систем оператор, текстилен техничар, рударски техничар за подземна експлоатација, електротехничар, медицинска сестра, референт за продажба, електротехничар за електрични машини, апарати и уреди, рударски техничар за подготовка на производството, шивач, продавач, шивач на текстил, диспечер во патен сообраќај, возач на товарно возило, составувач на акумулатори, келнер, расадничар, готвач, тапетар, бравар, ткајач, монтер на мебел, кројач, општ работник, работник на едноставни работи на постројки, работник за едноставни работи на производствена линија, пеглач на алишта земјоделски работник и други.

*Југозападен регион:* електроинженер за регулација и автоматизација, машински инженер, информатички инженер, специјалист за човечки ресурси, инженер за хемиски процеси, сметководител, техничар за електронски производи, машински техничар, електротехничар,

хемискитехничар-технолог за термичка обработка, електротехничар за опрема на производните машини, машински техничар за одржување на градежни машини, обезбедувач(заштита на лица и имот), продавач, шивач, оператор во ко-центар, одржувач на уреди за точење на гориво, келнер, градежен работник, готвач, угостителски работник, возач (на автобус, на камион, на товарно возило), магационер, алатничар, мајстор, општ работник, собарки, хигиеничар на станбен и деловен простор, рачен пакувач и други.

*Југоисточен регион:* економист, градежен инженер, машински инженер, доктор по медицина, инженер-технолог за прехранбени производи, инженер-металург, градежен техничар, медицинска сестра, администратор, фармацевтски техничар, референт за продажба, шев на кујна, чивач, келнер, возач на камион, продавач, пакувач со шивачка машина за текстил, преработувач на овошје и зеленчук, шанкер, ракувач со градежни машини, диспечер во патен сообраќај, градежен работник, возач на товарно возило, ѕидар мајстор, машинобравар, бармен, тесар, кројач на текстил, готвач, пекар, општ работник, земјоделски работник, помошник во кујна, обиколувач, дистрибутер (малопродажба), хигиеничар на станбен и деловен простор, собарки, пеглач на алишта и други.

*Пелагониски регион*: програмер, сметководиел, аналитичар на софтвер, администратор на бази на податоци, машински инженер, економист, специјалист за безбедност на информациска и комуникациска технологија, соработник за финансиски работи, погонски електроинженер, референт за продажба, администратор, оператор за машинско одржување, графички техничар, фармаколошки техничар, комерцијалист, шивач, магационер, контролор на игри во казино, заварувач, продавач, бравар, келнер, оператор на терминал, рудар, сточар, готвач, шанкер, возач на лесни доставни возила, возач (на камион, на автобус), пекар, општ работник, работник за едноставни работи на производствена линија, рачен пакувач, пеглач на алишта, земјоделски работник, помошник во кујна и други.

*Полошки регион:* наставник, машински инженер, доктор по стоматологија, правник, фармацевт, администратор, електротехничар, главен готвач, заботехничар, ракувач со машина за рамно шиење, продавач, градежен работник, шивач, бравар, возач на товарно возило, изработувач на душеци, готвач, келнер, општ работник.

*Североисточен регион:* програмер, доктор по медицина, машински инженер, инженер-агроном, доктор по стоматологија, сметководител, текстилен техничар, медицинска сестра, комерцијалист, графички техничар, администартор, електротехничар, чевлар, продавач, шивач, заварувач, келнер, градежен работник, возач на камион, готвач, армирач, работник на бензиска пумпа, возач на автобус, ѕидар, бравар, мајстор, административен службеник, електромонтер, пекар, шанкер, општ работник, работник на едноставни работи во производството на текстил, рачен пакувач, работник за едноставни работи на производствена линија и други.

*Скопски регион:* програмер, економист, фармацевт, маркетинг агент, машински инженер, инженер на софтвер, фармацевтски техничар, градежен инженер, сметководител, доктор по медицина, бизнис аналитичар, набавно-продажен референт, тестирач на софтвер, графички дизајнер, информатичар, дизајнер, архитект, администратор, фармацевтски техничар, медицинска сестра, машински техничар, електротехничар, комерцијалист, референт за продажба, оператор за машинско одржување, шеф на продажба, агент за продажба на хартии од вредност, продавач, касиер, магационер, келнер, возач на такси, возач на лесни доставни возила, обезбедувач (заштита на лица и имот), возач на камион, готвач, угостителски работник, заварувач, шивач, шивач на текстил, автолакер, автолимар - мајстор, монтер на моторни возила, туристички водич, општ работник, редач на полици, хигиеничар на производствени-работни простории, хигиеничар на станбен и деловен простор, транспортен работник, помошник во кујна и други.

Што се однесува до социјалната инклузија, во конкретниот случај пристап до работа на лицата со посебни потреби, за жал можностите за вработување на отворениот пазар на труд, се уште се незначителни за оваа категорија на лица, односно мал дел од работодавачите се произнеле дека имаат потреба од вработување на лица со посебни потреби.

Резултатите од анкетата покажуваат дека 35% од анкетираните работодавачи на национално ниво се соочиле со потешкотии при наоѓање на соодветен кадар за пополнување на слободните работни места за следните занимања и соодветен степен на потребно знаење: градежен инженер, машински инженер, програмер, архитект, доктори по медицина, информатичари, медицинска сестра, електротехничар, машински техничар, градежен техничар, келнер, шивач, возач (на камион, на товарно возило, на автобус), готвач, заварувач, бравар, градежен работник, пекар, столар, електричар за одржување и други.

Резултатите од анкетното истражување покажуваат дека занимањата за кои работодавачите се соочиле со потешкотии при наоѓање на соодветен кадар за пополнување на слободни работни места се различни по региони, а како најчести причини за потешкотиите се наведуваат:

- недостиг на кандидати кои поседуваат практични знаења и вештини потребни за извршување на работните задачи во конкретното занимање
- недостиг на интерес и мотивација кај кандидатите за извршување на работните задачи во конкретното занимање
- недостиг на кандидати за вработување со соодветно работно искуство
- недостиг на кандидати кои би прифатиле работа за понудена плата.
- недостиг на кандидати со соодветно образование

Притоа треба да се напомене дека наведените причини се клучни, но не и единствените извори на потешкотии, а дополнително на тоа степенот на нивното влијание различно се чувствува по региони и по дејности.

Човечките ресурси и вложување во унапредување на нивните знаења и вештини, се најважни за краткорочниот и долгорочниот успех во работењето на работодавачите.

Резултатите од анкетното истражување покажуваат дека работодавачи вложуваат во обуки на вработените и во најголем дел истите се изведуваат интерно од страна на изведувачи/обучувачи од редот на вработените. Помал дел од работодавачите користат надворешни обучувачи, односно специјализирани центри за обука, консултантски фирми и сл.

Од особено значење за Агенцијата за вработување како јавна установа која обезбедува бесплатни услуги на пазарот на трудот и спроведува активни програми и мерки за вработување за учесниците на пазарот на трудот е добрата соработка со работодавачите и нивно навремено и редовно информирање.

Анкетното истражување потврдува дека работодавачите имаат добра соработка со Агенцијата за вработување и се задоволни од услугите кои во рамките на своите надлежности ги обезбедува, а воедно искажале интерес редовно да бидат информирани за активни програми и мерки за вработување кои се реализираат.

Во однос на прашањето кои услуги би сакале да ги користат работодавачите со поддршка на Агенцијата за вработување, најголем дел од нив ја нагласиле потребата од поддршка и помош при обезбедување на соодветен кадар за пополнување на слободните работни места, односно посредување при вработување, како и редовно информирање и советување за измените во законската регулатива од областа на трудот, преку посети, инфо средби и други форми на информирање на работодавачите.

Во однос на активните програми и мерки за вработување, работодавачите пројавиле најголем интерес за мерките од програмата за поддршка за креирање нови работни места, односно

субвенционирање на плати и вработување и раст на правни субјекти, како и програмата за практикантство.
Токму и овие активни програми/мерки за вработување се најмногу користени од страна на работодавачите.

Истражувањето покажува дека анкетираните работодавачи се задоволни од досегашната соработка со Агенцијата за вработување, но воедно дале свои предлози и сугестии за подобрување на одредени аспекти од истата и воглавном се насочени кон барања за почеста интеракција и навремено информирање за актуелните програми и мерки за вработување, унапредување на функционалноста на веб-порталот на АВРСМ и поголема дигитализација на услугите на Агенцијата, поадекватна реализација на услугата за посредување при вработување со цел обезбедување соодветна квалификувана работна сила, проширување на опсегот на активните програми и мерки за вработување, поедноставување на процедурата за вработување на странски државјани и сл.

Анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот обезбедува корисни краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Резултатите добиени од анкетното истражување претставуваат основа за креирање на активни програми и мерки за вработување, кои имаат за цел да ги подигнат вештините на невработените лица заради зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и да придонесат во создавање на услови за подобро функционирање на истиот, преку вкрстување на понудата и побарувачката од соодветно квалификувана работна сила.

Резултатите од истражувањето се користат и во образовниот систем при конципирање на уписните политики и при креирање на нови образовни програми за занимања усогласени со потребите на пазарот на трудот.